*Књижевност за децу у науци и настави*, пос. изд., књ. 21, 2018, стр. 251–260

Јованка Д. Денкова
Универзитет „Гоце Делчев", Штип
Филолошки факултет
Катедра за македонски јазик и книжевност

УДК 821.163.3.09-93 Николова О.
821.163.3.09-93

# СЕМЕЈСТВОТО И СЕМЕЈНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ НА ОЛИВЕРА НИКОЛОВА

*Апстракт*: Во трудот се осврнуваме на современата македонска книжевност за деца и млади, поконкретно на прашањето за семејството и семејните вредности кои се негуваат во истото. Во трудот ќе се задржиме на дела од македонската книжевност за деца и млади од македонскиот автор Оливера Николова во кои ликовите/протагонистите покажуваат позитивни вредности во релациите со останатите луѓе. Преку ваквите ликови и дела, треба да им се помогне на децата и младите да градат релации во согласност со нивните семејни вредности, да им помогнат да го разберат значењето на поддршката во семејството, и да препознаат како овие семејни вредности кои треба да се негуваат од најраното детство ќе им помогнат да надвладеат одредени пречки или предизвици со кои ќе се сретнат во понатамошниот живот. За таа цел, ќе се разгледуваат текстови во кои експлицитно се третираат теми од современиот живот и современото живеење, како развод на родители, посвојувања, пороците на денешницата, конфликти во семејството, смрт во семејството, периодот на адолесценцијата, улогата на постарите (родителите, бабите и дедовците) при негување на овие вредности и сл. Бидејќи книжевноста за еден од најефективните начини да се воспитуваат младите генерации, ќе се издвојат дела од современи македонски автори во кои се негуваат позитивните вредности, како толеранцијата, разбирањето, воспитанието, вниманието кон другиот итн.
*Клучни зборови*: семејство, семејни вредности, книжевност за деца и млади, Оливера Николова.

## ВОВЕД – ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ *СЕМЕЈСТВО*

Семејството може да изгледа како едноставен концепт, но не постои едноставна дефиниција на семејството. Во својата најосновна смисла, едно семејство е група на поединци, кои имаат правна или генетска врска, но за многу луѓе, семејството ќе значи многу повеќе, па дури и едноставна идеја на генетски врски може да биде покомплицирана отколку што изгледа.

jovanka.denkova@ugd.edu.mk

*Књижевност за децу у науци и настави*, пос. изд., књ. 21, 2018, стр. 251–260

Вистинското семејство им овозможува на своите членови емоционално и духовно сродство преку: заеднички вредности, верувања и традиции, заеднички искуства и активности, безусловна и неосудувачка поддршка. Постојат случаи каде повеќе индивидуи се поврзани во групи на луѓе кои им пружаат емоционална и духовна врска како семејството, иако немаат легални или крвни врски меѓу себе. Такви се црковните заедници, студентските братства и сл. Дефиницијата за семејството постојано еволуира и секоја личност може да го дефинира семејството на различен начин зависно од врските кои ги има со останатите луѓе во нејзиниот живот. Со тек на времето семејството се менува, па така се менуваат и продлабочуваат и неговите семејни вредности. Секој член кој е вистински член на тоа семејство ќе помогне за да го збогати.[1] Семејните вредности, понекогаш наречени и фамилијарни вредности, се традиционалните и културните вредности (вредност што се пренесува од генерација на генерација во семејствата) кои се однесуваат на семејството во поглед на неговата структура, функција, улоги, верувања, ставови и идеали. Во општествените науки, социолози го користат и терминот „традиционално семејство", кој се однесува токму на животната средина за воспитување на детето која социолозите ја идентификувале порано како норма. Овој термин „традиционалното семејство" подразбира семејство од средна класа со глава на семејство – татко и мајка домаќинка, во чии рамки се подигаат нивните биолошки деца. Секое отстапување од ова семејство-модел се смета за „нетрадиционални семејство" (Panasenko 2013: 79‒98). Во изминативе 50 години, семејната структура се промени драматично. Денес постојат следниве типови на семејни структури, со тоа што одредени семејства можат да фигурираат во повеќе категории, значи границите меѓу нив не се многу јасни. Нуклеарното семејство е традиционален тип на семејна структура. Овој тип на семејство се состои од двајца родители и деца. Овој тип на семејство долго време се сметаше за идеален за одгледување на децата. Во ваквите семејства децата се здобиваат со сила и стабилност од двајцата родители. Семејството со еден родител се состои од еден родител кој одгледува едно или повеќе деца, било да е тоа татко или мајка. Овој тип на семејства е најголемата социјална промена во однос на семејната структура. Ваквите семејства е обично од позатворен тип и неговите членови наоѓаат начин заеднички да ги решат проблемите. Иако овие семејства се соочуваат со многу проблеми од типот на грижа и чување на децата, сепак многу од нив имаат помош од роднини и пријатели. Проширеното семејство се состои од двајца или повеќе возрасни кои се поврзани, според крвна врска или брак и кои живеат во ист дом. Оваа семејна структура вклучува повеќе роднини кои живеат заедно и кои работат со иста цел, како подигање на децата и извршување на семејните обврски.

1 http://family.lovetoknow.com/definition-family

*Књижевност за децу у науци и настави*, пос. изд., књ. 21, 2018, стр. 251–260

Многу вакви семејства вклучуваат и роднини, братучеди, тетки, баби и дедовци. Овој тип на семејни структури можат да се формираат и заради надминување на финансиски тешкотии или заради постари роднини кои не се во состојба да се грижат сами за себе. Бројот на ваквите семејства се зголемува сè повеќе. Додека повеќето луѓе кога зборуваат за семејство мислат на семејства кои задолжително подразбираат деца, постојат парови кои не можат да имаат или избираат да немаат деца. Овој тип на семејства без деца не спаѓаат во традиционалните стандарди поставени од општеството. Тие најчесто се состојат од маж и жена кои живеат и работат заедно. Често пати тие имаат миленичиња или имаат блиски контакти со нивните внуци како замена за нивни сопствени деца. Скоро половина од браковите завршуваат со развод и многу од овие индивидуи решаваат да се премажат/преженат. На тој начин се создава посвојувачко семејство, кое вклучува две различни семејства кои се обединуваат во нова заедница. Овие семејства се состојат од од нов сопруг и сопруга и нивните деца од претходните бракови или врски. И овој вид на семејства се چести како и нуклеарното семејство, иако тие имаат повеќе проблеми, од типот на потребен период за прилагодување и прашања поврзани со дисциплината. Членовите на ваквите семејства треба да научат да соработуваат со бившите партнери за да функционира семејството. Денес постојат многу семејства во кои бабите и дедовците ги одгледуваат своите внуци од различни причини. Според некои статистики, секое четиринаесетто дете е одгледано од неговите баба или дедо и родителите не се присутни во животот на детето. Ова може да е последица на смртта на родителите, зависност, напуштање или несоодветни родители. Многу баби и дедовци во вакви случаи мора да се вратат на работа или да најдат дополнителни извори на приходи кои ќе им помогнат во подигањето на нивните внуци.  Не постои точен или погрешен одговор околу тоа кој е најдобар тип на семејство. Сè додека во семејството има љубов и поддршка меѓу неговите членови, тоа ќе биде успешно и ќе напредува.[2]

## ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ СЕМЕЈНИ ВРЕДНОСТИ И ВИДОВИ

Според Dictionary.com, „семејните вредности" се дефинираат како „морални и етички принципи кои традиционално се одржуваат и пренесуваат во семејството, и тоа чесноста, лојалноста, трудољубивоста и верата".[3] Според Merriam-Webster, „семејни вредности" се вредности од традиционален и конзервативен карактер кои се одржуваат за да се промовира стабилно

2 http://family.lovetoknow.com/about-family-values/types-family-structures, пристапено на 18.08.2015

3 http://dictionary.reference.com/browse/family+values.

*Књижевност за децу у науци и настави*, пос. изд., књ. 21, 2018, стр. 251–260

функционирање на семејството и да се зајакне структурата на општеството.[4] Потоа, според OxfordDictionaries, „семејни вредности" се вредностите кои традиционално се научиле или засилиле во рамките на семејството, како што се високи морални стандарди и дисциплина.[5] Семејните вредности ги вклучуваат сите идеи за тоа како сакате да го живеете вашиот семеен живот, и тие често се пренесуваат од претходните генерации. Тие можат да помогнат во дефинирањето на однесување во различни ситуации, да им помогнат на младите да се направи добар избор, да се зацврсти врската што вашето семејство ја има. Постојат повеќе типови на семејни вредности, класифицирани како:

А) социјални (мир, правда, слобода, еднаквост, почит, неповредување на другите и застанување на страната на оние кои не можат сами да се бранат, одвојување на време за волонтирање во својата заедница, да се биде дарежлив и чесен кон другите, да се учествува во тимска работа и сл);

Б) политички (еднаков третман кон сите луѓе без разлика на нивната етнича, расна и религиозна припадност, како и сексуалната ориентација, патриотизам, отвореност кон нови видици и можности, почитување на правото и оние кои го спроведуваат, напорна работа за успех и сл.);

В) религиозните вредности се однесуваат на очекувањата кои ги имаат луѓето за себе и останатите базирани на нивната вера. Иако секоја вера има свои верувања, сепак сите се однесуваат на тоа да се покажува сочувство кон оние на кои им е потребно, да се однесуваме кон другите како што сакаме да се однесуваат кон нас, континуирано духовно и интелектуално надградување, скромност, почит и ненасилно однесување во односите со другите);

Г) работните вредности ги вклучуваат сфаќањата и филозофијата на работата, финансиите, и како всушност ги трошите вашите пари. За децата, овие вредности подразбираат како тие се однесуваат кон училиштето и нивното образование (тимска работа, вложување максимален напор во работата/учењето, штедење, наоѓање начин за да се изразат идеите и креативноста, гордост кон постигнатото, образованието да биде приоритет, однос на почитување кон колегите, муштериите и авторитетите, да се има чувство дека нашата работа придонесува во општеството);

Д) моралните вредности се нашите индивидуални вредности за тоа што ние мислиме за она што е добро или лошо. Тие се основата врз која ги носиме нашите одлуки (чесност и благородност, храброст, трпеливост, издржливост, преземање на лична одговорност);

---

4 ”family values”. *Merriam-Webster*. Merriam-Webster, Inc., пристапено на 18.08.2015.

5 *Oxford Dictionaries*. Oxford University Press, пристапенона 18.08.2015

*Књижевност за децу у науци и настави*, пос. изд., књ. 21, 2018, стр. 251–260

Ѓ) рекреационите вредности се однесуваат на сите активности кои ја вклучуваат играта и забавата. Тие ја зајакнуваат блискоста во семејството, можностите за учење, создава спомени, се подобруваат социјалните вештини (организирање заеднички семејни забавни игри, организирање заеднички одмори и сл.).[6] Според Susie Duffy, семејството е конзистентна социјална заедница која се состои од родители и децата кои ги одгледуваат, а семејните вредности таа ги дефинира како вредности кои семејството ги развива и кои се основа за тоа како децата ќе учат, ќе растат и ќе функционираат во светот.[7]

Токму заради важноста која семејството ја има за развојот на децата, во овој труд ќе се разгледува семејството и семејните вредности како најважен сегмент од општеството во кој идните генерации се оспособуваат за фунционирање во рамките на истото. Оваа тема ќе се разгледува преку примери од современата македонска книжевност за деца и млади, при што ќе се задржиме на дела од македонската книжевност за деца и млади во кои ликовите/протагонистите покажуваат позитивни вредности во релациите со останатите луѓе. Преку ваквите ликови и дела, треба да им се помогне на децата и младите да градат релации во согласност со нивните семејни вредности, да им помогнат да го разберат значењето на поддршката во семејството, и да препознаат како овие семејни вредности кои треба да се негуваат од најраното детство ќе им помогнат да надвладеат одредени пречки или предизвици со кои ќе се сретнат во понатамошниот живот. За таа цел, ќе се разгледуваат текстови во кои експлицитно се третираат теми од современиот живот и современото живеење, како развод на родители, посвојувања, пороците на денешницата, конфликти во семејството, смрт во семејството, периодот на адолесценцијата, улогата на постарите (родителите, бабите и дедовците) при негување на овие вредности и сл. Бидејќи книжевноста за еден од најефективните начини да се воспитуваат младите генерации, ќе се издвојат дела од современи македонски автори во кои се негуваат позитивните вредности, како толеранцијата, разбирањето, воспитанието, вниманието кон другиот итн.

## СЕМЕЈСТВОТО И СЕМЕЈНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО ДЕЛАТА НА ОЛИВЕРА НИКОЛОВА

Романот *Бели стапки* од Оливера Николова (Николова 1993) ни открива една детективска завера во семејството на двајцата близнаци Костадин и Александар Капац. Овде се потенцира презафатеноста на родителите,

6 http://family.lovetoknow.com/list-family-values, пристапено на 15.08.2015

7 http://www.parentiq.com/news/DefiningYourFamilyValues.asp, пристапено на 15.08.2015

*Књижевност за децу у науци и настави*, пос. изд., књ. 21, 2018, стр. 251–260

таткото е виден и славен фудбалер, а мајката – новинарка: „Новинарка во телевизиско студио, со работно време што и оневозможуваше целосно да им се посветува на своите близнаци" (11). Освен тоа, постојано низ романот се провлекува и желбата да се сокријат непријатните настани од мајката, која по препорака на кардиолог: „му советуваше за измореното срце на Наталија" и препорачува таа „да води помирен живот, без секакви стресови и нервози" (12). Во дејствието на романот, бидејќи се работи за проширено семејство, како активни учесници се вклучени и двајцата дедовци, едниот од мајкина и другиот од татковата страна, кои како соколи бдеат над своите внуци. Заплетот на романот е поврзан со екскурзијата во Преспа на која треба да одат основците, но само најдобрите по успех. Кај еден од нивните соученици со слаб успех тоа раѓа завист, од која се изродува една измислена интрига за некаква наводна опасност која му се заканува на таткото-фудбалер. Низ целата таа трка да се направи она што е најдобро, да се заштитат најблиските, се вклучуваат и дедовците, и соучениците, па и комшиите, а младите со својата пожртвуваност, организираност и сериозност, бидејќи тоа го налага ситуацијата, израснуваат во зрели млади луѓе, па дури и оние кои застраниле заради зависта, се враќаат на вистинскиот пат. Во семејството Капац се негуваат меѓусебната почит, толеранција, грижа за здравјето на мајката, грижа за безбедноста на таткото, а пред сè и над сè, доминира грижата за децата и создавање на позитивна семејна клима во која тие ќе израснат во зрели и сестрани личности со уметнички афинитети. Токму загриженоста за здравјето на мајката, раѓа заштитнички однос кон неа, со желба таа да се заштити од негативни работи, а од друга страна, близнаците преземаат акција за спасување на таткото од опасноста која му се заканува. Тоа говори за позитивното влијание на силната емоционална поврзаност во рамките на едно семејство.

Романот *Преминот не е осветлен* (Николова 2013) третира и социјална тема, темата на детето сираче кое живее во Дом за деца без родители. Преголемата желба за семејство и топол дом го прави податлив за измамникот кој му се претставува како негов татко. За среќа, истовремено со тоа, Соколе се запознава со семејството на Игор, дванаесетгодишник, разгален единец, кој од самото запознавање со Соколе чувствува недоверба кон него: „Тој на лик беше мошне симпатичен и мил, во однесувањето пак учтив и воспитан, внимателен спрема секого, но мене токму тоа ме одвраќаше од него. Тие норми на воспитувањето, на кои и мене ме подучуваа, ми изгледаа како најсигурен пат кон вистинско ропство. Секој што ги прифаќаше ми заличуваше на папагал или на лицемерник што се крие зад нив. Не верував дека, едноставно, може да постои младо суштество коешто сака да биде учтиво и воспитано, или сето тоа да го прифаќа доброволно. Соколе ми изгледаше ненормално, со еден збор" (8). Соколе ќе биде топло дочекан и често покануван

*Књижевност за децу у науци и настави*, пос. изд., књ. 21, 2018, стр. 251–260

во семејството на Игор (форма на посвојувачко семејство), за да изврши и одредено позитивно влијание врз Игор, како што се надева неговата мајка: „А мислев дека позитивно ќе влијае на нашиот Игче... – Тој да влијае позитивно на нашиот Игче! Ама се занесуваш ти, Анка! Никој не успеа нашиот Игче да го измени, па тој!" (19). И во овој роман, желбата за топло семејство, ќе се покаже како потенцијално опасна за малиот Соколе, но истовремено, во семејството на Игор во кое владее отворена и искрена комуникација, тој ќе го пронајде тој дом.

Романот *Мојот звук* (Николова 2013) за свој главен јунак го има момчето Панче, основец, кој е во епицентарот на адолесценцијата. Блиска до срцето му е девојчето Лиле, но немајќи храброст да и пристапи, на сон често разговара со неа. Во „разговорите" Лиле му објаснува дека секое тело произведува свој звук. Живеејќи сам со родителите во помал град – Гевгелија, на самиот југ од Македонија, затоа што постарата сестра е на студии во Скопје, Панче се чувствува осамен и отсуството на личност со која би разговарал за многу работи и прашања кои го мачат, ги заменува со разговорите на сон со Лиле. Но, кога и тие разговори не му ги даваат одговорите на дилемите, а со родителите не знае како да разговара, со воз оди кај сестра си во Скопје, и по нејзината расеаност сфаќа дека таа има некој во својот живот, момчето Петар. Јунакот на овој роман е оригинален по многу нешта. Тој не сака да биде како другите деца околу, него да собира сликички, да разменува марки и сл. Кога неговата сестра му подарува фотоапарат, Панче решава да направи албум со знаменити луѓе, но знаменити само за него, т.е. албум од луѓе кои му значат и кои ги почитува. Се разбира, дека адолесценцијата, не би била специфична ако не е проследена со турбулентни чувства, па Панче решава да направи пресврт во својот живот и да му се приближи на светот на возрасните. Од тие причини, си ја одржува личната хигиена, оди во диско, но пробува да пие и пуши, за да сфати дека тоа сепак не е за него. Неговата индивидуалност е силно изразена и кога за Нова година решава да седи дома сам, за сепак да се предомисли во последен миг, зашто сфаќа дека сака да биде „првак", ама попусто му е ако нема никој до него да го види. Децата кои растат во семејна околина со посиромашно емоционално искуство покажуваат нарушувања во љубовта и самопочитта и покажуваат недоверба и агресивност кон другите (Singh, Ollendick, Singh 2002). Дистанцираноста на Панче од сите членови во семејството произлегува од неговата желба за самостојност, што е типично за процесот на растење и созревање. Но, истовремено, низ тој период во кој тој очигледно трага по свој идентитет, тој и бара позитивни примери кои ќе му послужат како урнек на кој би се угледал. Од тие причини произлегува неговата желба за албум со знаменити луѓе. А тој албум повторно е исполнет со членови од неговото семејство, кои претходно му изгледаа безлични и „недостојни" за неговата почит. Како

што романот се ближи кон својот крај, така и Панче почнува да ги разбира постапките на луѓето околу себе, па почнува да ја сфаќа и својата сестра студентка и нејзиното момче.

Романот *Девојките на Марко* (Николова 2001) го открива израснувањето на малиот Славе, кој од преголема љубов кон постариот брат, прифаќа да ги забавува неговите девојки, додека овој е со својата вистинска девојка. Се разбира, Славе не знае дека брат му всушност му ги наметнува овие обврски за малиот Славе да не му пречи додека е на седумдневно војничко отсуство. Во обидите да не ги повреди девојките, Славе им посветува максимално внимание, се шета со нив, ги носи на базен, во слаткарница, на кино, итн. Во тие негови „обврски", семејството му ја пружа максималната поддршка и сите имаат разбирање за неговото испланирано време за состаноците, како и финансиските средства кои му се потребни за да ги прошета сите девојки на постариот брат. Заедничките собири при пречекувањето и испраќањето на братот во војска откриваат една здрава семејна атмосфера во која малиот Славе ги има сите предуслови да израсне во здрава личност.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДБИ

Од разгледаните четири романи, напишани од современата македонска писателка за деца и млади Оливера Николова, мошне евидентно е дека во македонската литература за деца и млади се посветува големо внимание на пишување на дела во кои се истакнуваат позитивните вредности на семејството, особено негување на позитивните семејни вредности. Во литературата за деца често пати се портретираат ликови на деца сираци, напуштени деца, посвоени деца и сл. и заедничко кај сите нив е што најчесто тие се насликани како „проблематични" индивидуи, кои имаат одредени емоционални или проблеми во однесувањето, можат често да почувствуваат бес, страв, вина, срам. Секако дека сите деца заслужуваат да имаат семејство кое ќе ги сака и ќе се грижи за нив, па затоа и при толкувањето на дела од книжевноста за деца и млади во училиштето, наставниците треба да посветат посебно внимание на овие теми.

Се разбира, дека согласно современите глобални социо-културни, културолошки и економски промени доаѓа до изместување на семејната структура, а со тоа и на семејните вредности, или барем нивна трансформација во поинаков вид. Тоа резултира со сè поголем број на разводи, на необврзувачки/неформални семејни заедници, истополови бракови и сл. Од тие причини, денес во социологијата, антропологијата, психологијата и други науки, сè повеќе се посветува внимание на прашањето на меѓусебните односи меѓу членовите на семејството.

## ЛИТЕРАТУРА

Друговац (1996): Миодраг Друговац, Книжевност на безусловниот континуитет, *Македонската книжевност за деца и младина*, Скопје: Детска радост.

Китанов (2007): Блаже Китанов, *Литература за деца*, Штип: Педагошки факултет „Гоце Делчев".

Китанов, Марјановиќ (2007): Блаже Китанов, Воја Марјановиќ, *Литература за деца и млади, кн.2*, Штип: Педагошки факултет „Гоце Делчев".

Николова (1993): Оливера Николова, *Бели стапки*, Скопје: Детска радост.

Николова (2001): *Девојките на Марко*, Скопје: Култура.

Николова (2013a): *Преминот не е осветлен*, Скопје: Детска радост.

Николова (2013b): *Мојот звук*, Скопје: Детска радост.

Панасенко (2013): N. Panasenko, Czech and Slovak Family Patterns and Family Values in Historical, Social and Cultural Context, *Journal of Comparative Family Studies*, 44 (1), 79–98.

Петрова Горгева, Кирова (2014): Emilija Petrova Gorgeva, Snezana Kirova, Family structure and Behavior Disorders in Students in Primary Education in Macedonia, *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research*, 18,1, 8-32, http://eprints.ugd.edu.mk/11206/

Синг, Олендик, Синг (2002): N. N. Singh, T. H. Ollendick, A. N. Singh, *International perspectives on child & adolescent mental health*, Vol. 2, Oxford: Elsevier Science.

## ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ

http://family.lovetoknow.com/definition-family, пристапено на 18.08.2015

http://family.lovetoknow.com/about-family-values/types-family-structures, пристапено на 18.08.2015

http://dictionary.reference.com/browse/family+values. пристапено на 18.08.2015

„family values". Merriam-Webster. *Merriam-Webster*, Inc., пристапено на 18.08.2015.

*Oxford Dictionaries*. Oxford University Press, пристапено на 18.08.2015

http://family.lovetoknow.com/list-family-values, пристапено на 15.08.2015

http://www.parentiq.com/news/DefiningYourFamilyValues.asp, пристапено на 15.08.2015

*Књижевност за децу у науци и настави*, пос. изд., књ. 21, 2018, стр. 251–260

Jovanka Denkova
„Goce Delčev" University in Štip
Faculty of Philology
Department for Macedonian Language and Literature

## FAMILY AND FAMILY VALUES IN THE CONTEMPORARY MACEDONIAN LITERATURE FOR CHILDREN AND YOUTH BY OLIVERA NIKOLOVA

*Summary*: This paper focuses on contemporary Macedonian literature for children and youth exploring the issue of family and family values nurtured in literature. The paper pays attention to novels for children and youth written by Macedonian author Olivera Nikolova in which the characters/protagonists show positive values in relationships with other people. The characters and their deeds should help children and young people build relations in accordance with positive family values, help them understand the importance of family support, and recognize how these family values, that need to be nurtured from early childhood, will help overcome certain obstacles or challenges they will meet in the future. For this purpose, we analysed the texts that treat themes of modern life and modern living, such as divorce, adoption, vices of today, family conflicts, death in the family, adolescence, the role of elders (parents, grandparents) in fostering these values, and so on. Since literature is one of the most effective ways to educate young generations, this paper focuses on the works of contemporary Macedonian authors that foster positive values such as tolerance, understanding, consideration.
*Key words*: family, family values, literature for children and youth, Olivera Nikolova.